Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за спорт** | **Ministria e Sportit**

Бр. 11 - 652 / 2

26 -03- 2026 .2026 год

**До: Даријан Сотировски**

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Жалба по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Даријан Сотировски, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 25.03.2026 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** од Даријан Сотировски, со арх.бр. 11-652/1 од 24.03.2026 година СЕ УСВОЈУВА.

Образложение

До Министерството за спорт на 24.03.2026 доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со арх. бр. 11-652/1, во кое се бараат следниве информации:

1. Кој е сопственик на големата спортска сала во тетово, чија изградба не е целосно завршена, а се наоѓа во Спорстки центар Тетово на КП 1630/1 КО Тетово!, опишан во ИЛ 8975.

Одговор: Сопственик на посочениот објект е РМ.

2. Кој стопанисува, односно има корисничко право врз објектот и врз основа на која одлука?

Одговор : Корисничко право на посочениот објект има Општина Тетово, со одлука на Влада на РСМ за одземање на објектот од страна на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти и доделување на корисничко право на Општина Тетово.

3. Дали Владата планира рушење на објектот?

Одговор: Немаме информација за Одлука за рушење на овој објект, односно таква информација не е проследена до Министерството за спорт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-652/2
25.03.2026 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:**

- Барател на информацијата - Сектор -Архива